



# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# ЦВЕТНО ДЕФИЛЕ ВО КАРПОШ

На Карпош денес му се случи вистинско цветно дефиле. Меѓу илјадници цвеќиња по булеварите и улиците и под топлото ноемвриско сонце, илјада дечиња накитени како цвеќиња го разубавија славењето на Денот на Општина Карпош.

Децата од четирите градинки и од десетте основни училишта во Карпош продефилираа низ Општината и на крај се слеаја на плоштадот „Делфина" во Влае. Таму, со пригодна програма, на градоначалникот и на гостите од збратимените градови им приредија вистинско добредојде. Настапија неколку „најталенти" на Карпош а најмалите од градинките програмата ја завршија пеејќи ја роденденската песна заедно со градоначалникот Јакимовски.





# ЗБРАТИМЕНИТЕ ОПШТИНИ ВО ПОСЕТА НА КАРПОШ

**Во посета на Општина Карпош пристигнаа градоначалниците и претседателите на седумте збратимени општини на Карпош. Повод за посетата е роденденот на Општината 3 – Ноември, кој вечерва се одбележува со свечена академија во хотелот „Александар Палас“.**

**Градоначалникот Стевчо Јакимовски официјално ги прими претседателот на Општина Нови Београд Алаксандар Шапиќ, градоначалникот на Триадица од Софија Николај Стојанов Терзиев, претседателот на Општина Сремски Карловци Миленко Филиповиќ, претседателот на Собрание на Општина Тиват од Црна гора Крсто Бошковиќ, претседавачт на Собранието на Општина Стари Град-Сараево Ведран Додиќ, претседателот на општина Врњачка Бања Бобан Ѓуровиќ, како и началникот на Травник Адмир Хаџиемриќ.**

**Во оваа пригода градоначалниците од збратимените градови му врачија прихгодни подароци на првиот човек на Карпош и му го честитаа Денот на Општината посакувајќи му натамошни просперитетни години.**
**Градоначалникот Јакимовски претходно гостите од соседството ги прошета низ капиталните објекти во Карпош, меѓу кои и новата болница „Филип Втори“, а првите луѓе на братските општини присуствуваа и на другите манифестации кои денес се приредуваат по повод Денот на општината: Цветното дефиле на учениците и децата од Карпош и отворањето на работилницата за рециклажа, односно Креативниот центар Карпош.**
**Во натамошниот тек на 41-та седница на Советот на Општина Карпош беа усвоени уште десеттина важни одлуки од општественото живеење и функционирање на локалната самоуправа, како онаа за Предлог-планот за развој на општина Карпош за 2016 година, за донесување на Детален урбанистички план за Блок 5-од Четврт ССИ 03-Скопје (Северен дел на Касарна Илинден) Општина Карпош и Општина Чаир-Скопје, за прогласување на познатиот режисер Столе Попов за заслужен граѓанин на Општина Карпош за 2015 година, за определување на стипендии за талентирани ученици и спортисти од основните училишта од подрачјето на Општина Карпош, како и за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2015 до 30.09.2015 година.**



## КАРПОШ- ГРАД ВО ГРАДОТ

**Во хотелот „Александар палас“, општина Карпош го одбележа денот на конституирањето на Општината со пригодна свечена академија.**

На академијата, пред присутните гости и претставниците од седумте збратимени општини на Карпош, Тиват, Нови Београд, Стари град – Сараево, Травник, Сремски Карловци, Триадица-Софија и Врњачка бања, се обрати градоначалникот Стевчо Јакимовски кој во таа пригода рече:

-39 години од констутуирањето на локалната самоуправа се временски период достоен за почит. Тоа се речиси четири децении на раст и развој на една локална самоуправа, која од една мала општина израсна во вистински урбанистички голијат. Но, тоа не значи дека тука запревме или имаме намера да запреме. Токму спротивно: како расте Карпош така имаме се повеќе и повеќе обврски. Растат потребите на граѓаните, за инфраструктура, за нови и помодерни училишта, градинки, фасади, коловози... Ние сето тоа го правиме. Некогаш, сме и чекор пред времето. Ги антиципираме сите потреби на современиот живот. Токму затоа ние сме први во имплементација на стандардите за енергетската ефикасност на колективните и индивидуални станбени објекти, први во реконструкција на сите основни училишта. сега на ред се градинките... четири веќе реконстрираавме, на ред се другите, нагласи Јакимовски.

-Ние први воведовме бесплатни ужинки, бесплатни еднодневни екскурзии , лидери сме во социјалната инклузија, по бројот, но и по квалитетот на хуманитарни акции за социјално загрозените семејства, за лицата со попреченост во развојот, болни, стари и изнемоштени. Таа социјална и хумана компонента никогаш не ја заборавивме. Локаланата власт е најблиска до граѓаните. Ние, меѓу другото, и за тоа постоиме. Во Карпош нема нереконструирана улица, имаме километри изградени фекална и атмосферска канализација, Карпош е најчистата и најзелена општина, и уште зазеленуваме.

-Мило ни е, истакна првиот човек на локалната власт, што другите го препознаваат и почитуваат вложеното во нашата општина. Општина Карпош стана најпосакувано место за живеење, но и барана дестинација за инвестиции, во трговски центри, во образовни и здраствени институции од европски и светски калибар. Ние сме град во градот, нагласи Јакимовски. А кога другите се задоволни со Карпош, ние сме уште позадоволни. Тоа е само уште една потврда дека парите на граѓаните со кои најодговорно менаџираме се дадени во вистинска насока: во развојот на Карпош.

На Свечената академија на познатиот филмски режисер Столе Попов, градоначалникот Јакимовски му ја врачи плакетата за заслужен граѓанин на Општина Карпош за 2015 година, а тој, во емотивен говор, се заблагодари на Карпош и на градоначалникот Јакимовски за добиеното признание кое е прво негово признание надвор од фелата. Токму затоа, рече режисерот Столе Попов, ми е исклучително мило признание зашто доаѓа од моите соседи, моите сограѓани.



# СТАРТУВАШЕ СО РАБОТА КРЕАТИВНИОТ ЦЕНТАР КАРПОШ

**Беше отворена првата, (една од десетте) единици во рамки на Креативниот центар Карпош кои ќе бидат лоцирани во сите 10 училишта на територија на Општина Карпош. Со тоа официјално почна со работа Креативниот центар Карпош, на кој чин, меѓудругите, присуствуваа Градоначалникот Стевчо Јакимовски и идејниот творец на КЦК проф. д-р Зоран Поповски, претседател на Комисијата за јавни дејности (образование, социјална и детска заштита) при Советот на општина Карпош.**

**- Во ООУ „Јан Амос Коменски“ ќе се наоѓа Центарот за рециклажа во чии рамки ќе работи и Ученичката истражувачка лабораторија, изјави на отворањето на Центарот, Поповски. Неколку ученици, во таа пригода експериментираа за да најдат начин како да се рециклира загадена вода, крвен отпад, хартија и како да се открие присуство на некои загадувачи во водата.**



Според градоначалникот Стевчо Јакимовски, општина Карпош со отворањето на овој креативен центар, прави уште еден револуционерен чекор во образованието. Имено, по вложените 7 милиони евра во изградба и реконструкција на сите 10-те основни училишта на нејзина територија во последните неколку години со што се обезбедија европски услови за школување на децата од Карпош, по обезабедувањето на бесплатни ужинки и еднодневни екскурзии за учениците, сега се формира и Креативниот центар Карпош, рече првиот човек на локалната самоуправа.

Креативниот центар Карпош е конкретен придонес во унапредувањето на практичната настава во училиштата, во откривањето на надарените млади и развојот на нивната креативност во науката и уметноста, но тоа е придонес и во обезбедувањето дообука за наставниците, нивно вклучување во различни проекти и создавање услови за реализација на ефективни воннаставни активности.

За таа цел општина Карпош од сопствениот буџет издвои средства во износ од 2 милиони денари. Тоа се средства наменети за најдобрите и најкреативните млади луѓе кои се моторот на развој на една земја, објасни пред присутните проф. д-р Зоран Поповски.

Во опремувањето на лабораторијата помогнаа Ве-Да инстутот, Д-р Пановски, Пакомак, Факултетот за земјоделски науки и храна и Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија при МАНУ. На ваков начин се воспоставува конкретна соработка помеѓу училиштата, бизнис секторот, научните установи и локалната самоуправа.

## КАРПОШ ПОЛОЖИ ЦВЕЌЕ ПРЕД СПОМЕНИКОТ НА ОСЛОБОДИТЕЛИТЕ НА СКОПЈЕ

Во чест на Денот на ослободување на Скопје, 13ти Ноември, делегација на Општина Карпош во состав Бојан Милошевски, секретар на општината и Виолета Михајловска од општинската администрација, положија свеќе пред споменикот на ослободителите на градот Скопје, пред платото на Владата на Република Македонија.



## НОВА ХИДРОФОРСКА СТАНИЦА ВО НЕРЕЗИ




Во Општина Карпош, поточно во урбаната заедница Нерези, официјално беа промовирани неколку крупни инвестиции кои ги спроведе Општина Карпош.

Станува збор за предавање во употреба на нова Хидрофорската станИца која ќе го подобри снабдувањето со вода на граѓаните од Средно и Горно Нерези, инвестиција во која Општината само во последниот турнус вложи 2 милини денари, а во претходните два зафати 2,380 милиони денари. Во комплетирањето на хидрофорската станица партиципираше и ЈП „Водовод и канализација“ со средства во износ од  на 2 милиони денари.

Општина Карпош денес официјално ги промовираше и другите инвестиции во Нерези, а тоа се целосна реконструкција на пет улици и тоа улиците Козле 3, Козле 5, Козле 8 и Козле 10, со кои ќе се опфати обновата на коловоз во должина од околу 700 метри, а вредноста на вложувањето во нив е 5,2 милиони денари. Освен тоа, Општина Карпош ќе ја реконструира и улицата Козле 1, на потегот од последната автобуска станица на „57“, до црквата „Свети Пантелејмон“ во должина од 710 метри што Општината ќе ја чини 4 милиони денари. Вкупно, за обнова на сите овие улици во Нерези локалната власт ќе инвестира 9,2 милиони денари.

Инаку на отворањето на хидрофорската станица и на почетокот на реконструкцијата на улиците освен првиот човек на Општината Стевчо Јакимовски, присуствуваше и претседателот на Владата на Република Македонија Никола Груевски и градоначалникот на Скопје, Коце Трајановски.

